**Проект:**
**“Промоција на практики за управување со отпад и енергетска ефикасност во прекуграничниот регион”**
2007CB16IPO007 - 2012- 3 - 026

IPA Cross Border Programme
CCI Number: 2007CB16IPO007

Почитувани колеги и соработници,

Центарот за климатски промени - Гевгелија и Алијансата на производители на еколошка енергија - БГ од Благоевград, Ве покануваат да присуствувате на тркалезна маса за прашања поврзани со енергетска ефикасност во малите и средни претпријатија од прекуграничниот регион.
**Тркалезната маса ќе се одржи на 29 и 30 Октомври 2015 година, во Хотел Езерец, Благоеврад, со почеток во 15ч.**

Тркалезната маса е една од многуте активности кои се спроведуваат во рамките на проектот „Промоција на практики за управување со отпад и енергетска ефикасност во прекуграничниот регион “ реф.бр. 2007CB16IPO007 - 2012- 3 – 026, финансиран од Европската Унија преку ИПА програмата за прекугранична соработка помеѓу Бугарија – Македонија.
Целта на настанот е да ги донесе на едно место малите и средни претпријатиа од двата региона кои што работат во различни индустриски сектори, но се соочуваат со слични проблеми поврзани со управувањето со енергија. Настанот ќе претставува одлична можност за компаниите од Југоисточниот регион на Македонија и областа Благоевград, Бугарија да се сретнат и да разговараат за проблемите со кои се соочуваат, потенцијалите и бариерите за подобрување на практиките за управување со енергија и ресурси, но исто така и да ја зголеми можноста за нивна меѓусебна соработка и конкурентност.

***Заинтересираните компании ќе имаат можност да ја претставаат својата компанија и своите производи преку презентација во времетраење од 10 – 15 минути. Доколку сте заинтересирани да ја претставите Вашата компанија, Ве молиме испратете кратко портфолио за компанијата!***
***Од аспект на промоција, на сите компании им е дозволено да донесат промотивни материјали кои би можеле да ги поделат помеѓу учесниците.***

**Превозот и сместувањето се покриени од страна на проектот.** Ве молиме доколку сте заинтересирани за присуство пријавете го Вашето присуство најдоцна до 27.10.2015 година на е-маил ckp.gevgelija@gmail.com. Пријавените кандидати ќе бидат селектирани на принципот прв дојден прв услужен!

Во прилог на оваа порака Ви ја доставуваме официјалната покана и формулар за регистрација, додека агендата ќе Ви ја доставиме дополнително.

За сите дополнителни прашања и информации Ве молам контактирајте не!

Срдечен поздрав,
Бојана Станојевска Пецуровска

**Подружница:**
Центар за климатски промени-Гевгелија
Даме Груев 10
Гевгелија
Е-маил: ckp.gevgelija@gmail.com

**Главна канцеларија:**
Центар за климатски промени-Скопје
Иван Аговски бр. 13-2/2 Скопје
Тел: +389 2 5208 330
Е-маил: centarzaklimatskipromeni@yahoo.com